# О Т В О Р Е Н
# Ј А В Е Н   П О В И К

## За покажување на интерес за склучување на Рамковен договор

**за набавка на електрична енергија за покривање на потребите на регулираните потрошувачи**

**ЈП. бр. 05/18**

**Скопје, 2017**

Врз основа на Решението од РКЕ со арх.бр. 02-1970/1 од 28.11.2017 за одобрување на Правилата за набавка на електрична енергија на отворен пазар од страна на ЕВН Македонија АД Скопје, ЕВН Македонија, Акционерското друштво за снабдување со електрична енергија, Скопје објавува

# О Т В О Р Е Н   Ј А В Е Н   П О В И К

## за покажување на интерес за склучување на Рамковни договори за набавка на електрична енергија на отворен пазар од страна на ЕВН Македонија

## 1. Предмет на Јавниот повик

Се објавува отворен Јавен повик со кој ЕВН Македонија, Акционерското друштво за  снабување со електрична енергија, Скопје (во понатамошниот текст: ЕВН Македонија) ги поканува сите заинтересирани страни да покажат интерес за склучување на Рамковен договор за набавка на електрична енергија на отворен пазар за покривање на потребите на регулираните  потрошувачи. Рамковниот договор претставува основа врз која ЕВН Македонија, пред секоја набавка на електрична енергија на отворен пазар за покривање на потребите на регулираните потрошувачи, може да побара понуди од сите понудувачи со кои има склучено Рамковен договор.

Со Понудувачите кои ќе бидат избрани како најповолни во постапката за набавка на електрична енергија, ЕВН Македонија ќе склучи Индивидуални договори.

## 2. Дефиниции и кратенки

(1) Термините користени во овој Јавен повик го имаат следното значење:

| | |
|---|---|
| **Рамковен договор** | Договор склучен со Понудувачот/-ите и РС кои ги исполнуваат критериумите дефинирани во овој отворен Јавен повик. |
| **Понудувачи** | Производители, трговци / добавувачи и снабдувачи на електрична енергија регистрирани во согласност со законските прописи и кои поседуваат соодветна лиценца издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија и EIC код издаден од страна на АД МЕПСО |
| **Квалификуван понудувач** | Понудувач кој има склучено РД со РС. |
| **Отворен Јавен повик** | Овој документ е објавен во дневен весник и е достапен на интернет страната на www.evn.mk |
| **Набавка на електрична енергија** | Набавка на електрична енергија на отворен пазар за потребите на потрошувачи кои се снабдуваат со електрична енергија од Снабдувачот на електрична енергија на тарифни потрошувачи и Снабдувачот во краен случај со електрична енергија |
| **Понуда** | Понуда за продажба на електрична енергија (MWh) по одредена цена (EUR/MWh) заокружена на две децимали, доставена од страна на квалификуван понудувач. |
| **Индивидуален договор** | Купопродажен договор помеѓу квалификуван понудувач и РС со кој се утврдуваат комерцијалните услови за соодветна купопродажба на електрична енергија. |

| | |
|---|---|
| **Процес за набавка на електрична енергија** | Редослед на настани поврзани со набавка на електрична енергија кои почнуваат со ИБДП од страна на РС, доставени понуди од страна на квалификуваните понудувачи, евалуација и избор на најповолни понудувачи и завршуваат со склучување на Индивидуален договор со избраните понудувачи. |
| **Индивидуално Барање за Доставување на Понуди (ИБДП)** | Документ кој е испратен од страна на РС до сите квалификувани понудувачи преку електронска пошта и/или факс во кој прецизно се утврдуваат условите според кои процесот на набавка на електрична енергија |
| **Регулиран потрошувач** | Потрошувач кој се снабдува со електрична енергија од ЕВН Македонија АД, Скопје, како носител на лиценца за Снабдување на електрична енергија на тарифни потрошувачи и Снабдување во краен случај со електрична енергија |

(2) Кратенките користени во овој Јавен повик ќе го имаат следното значење:

| | |
|---|---|
| **РС** | Регулиран снабдувач – ЕВН Македонија АД, Скопје, носител на лиценца Снабдување на електрична енергија за тарифни потрошувачи и Снабдување во краен случај со електрична енергија |
| **РКЕ** | Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија |
| **РД** | Рамковен договор |
| **ИД** | Индивидуален договор |
| **ИБДП** | Индивидуално барање за доставување на понуди |
| **ПЕЕ(ЈУ)** | Производителот на електрична енергија на кој во лиценцата му е утврдена обврска да обезбеди јавна услуга |

## 3. Право на учество на отворениот Јавен повик

Право на покажување на интерес за склучување на РД имаат сите заинтересирани производители, снабдувачи и/-или трговци со електрична енергија од Република Македонија кои се регистрирани во согласност со законските прописи на Република Македонија и кои поседуваат соодветни лиценци издадени од страна на Регулаторната комисија за енергетика и EIC код издаден од страна на АД МЕПСО

## 4. Опис на процесот за набавка на електрична енергија

РС ќе набавува електрична енергија на отворен пазар за покривање на потребите на регулираните потрошувачи на транспарентен, конкурентен и недискриминатроен процес. Овој процес е структуриран на следниот начин:

**А) Отворен јавен повик за склучување на РД**

Овој документ.

**Б) Оценување и квалификација пред склучување на РД**

Оценувањето на Понудувачите кои покажуваат интерес за склучување на РД го врши интерна комисија формирана од страна на РС. По достава на документите наведени во точка 5 од овој отворен Јавен повик комисијата го спроведува оценувањето во насока дали документите се важечки, дали се во согласност со соодветните закони и дали се издадени од соодветен надлежен орган.

Кога Понудувачот кој покажува интерес за склучување на РД ги достави наведените документи во целост и истите се во согласност со соодветните закони и се важечки (не постари од 6 месеци), се стекнува со статус квалификуван понудувач и со истиот ќе биде склучен РД.

Во спротивно, доколку доставената документација од Понудувачот не е комплетна и целосна, истиот ќе биде информиран за недостатоците и процесот на квалификација на заинтересираниот Понудувач ќе трае се до комплетирање на наведените документи.

**В) Склучување на РД**

Секој Понудувач откако ќе се квалификува, ќе склучи РД со РС и ќе може да доставува понуди и да учествува во процесот за набавка на електрична енергија. За да склучат РД со РС, заинтересираните Понудувачи мораат да ги достават документите наведени во Точка 5 од овој отворен Јавен повик.

Прилог од РД може да се најде на интернет страната на www.evn.mk.

**Г) Индивидуално Барање за Доставување на Понуди**

Сите квалификувани понудувачи ќе добијат ИБДП преку електронска пошта и/или факс, во случај кога е иницирано процес за набавка на електрична енергија. Секое ИБДП треба да содржи детални инструкции во врска со процесот за набавка на електрична енергија како и услови за склучување на ИД.

**Д) Испраќање на понуди**

Сите квалификувани понудувачи ќе бидат во можност да ги испратат своите понуди целосно во согласност со ИБДП. Секоја понуда ќе биде пропратена со Гаранција на понудата или доказ за уплатен депозит, како што ќе биде специфицирано во ИБДП.

**Ѓ) Избор на најповолен Понудувач**

Изборот на најповолен понудувач го врши интерната комисија преку евалуација на понудите во еден круг преку јавно отварање на доставените понуди или два круга преку прибирање на понуди и организирање на аукција (јавно негативно наддавање), согласно ИБДП.

Доколку во ИБДП е наведено дека процесот за набавка на електрична енергија ќе се одвива преку користење на електронска (софтверска) апликација / web платформа, РС претходно ќе го запознае квалификуваниот понудувач со начинот на користење на апликацијата / web платформа во процесот за набавка на електрична енергија и ќе ги покани квалификуваните понудувачи да доставуваат понуди преку истата.

**Е) Објавување на резултатите**

Објавувањето на резултатите од процесот за набавка на електрична енергија РС го врши со испраќање на известување преку електронска пошта и/или факс до сите Понудувачи кои земале учество со важечки понуди согласно ИБДП.

**Ж) Потпишување на Индивидуален договор**

Пред истекот на важноста на понудата, РС ќе го извести во пишана форма по електронска пошта избраниот Понудувач дека неговата понуда е целосно или делумно прифатена и ќе го покани да склучи ИД во рок дефиниран во ИБДП. Купувачот ќе му достави ИД на Понудувачот само ако неговата понуда биде прифатена во рамки на процесот за за набавка на електрична енергија .

## 5. Документација

Покажувањето на интерес од страна на заинтересираните Понудувачи треба да ги содржи следните документи:

- Изјава дека во последните 5 (пет) години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде Понудувачот е регистриран;
- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- Потврда од Регистарот дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност;
- Документ за лиценцирана дејност како доказ дека подносителот е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со купопродажба на електрична енергија од надлежен орган;
- Тековна финансиска состојба од надлежен орган;
- Изјава дека неповратно и безусловно ги прифаќа условите од РД и ИД;

Сите наведени потребни документи се доставуваат исклучиво во оригинал или фотокопија заверена на нотар.

Документите треба да бидат во согласност со законодавството на земјата во која се наоѓа седиштето на субјектот кој се јавува на отворениот Јавен повик и истите да не бидат постари од шест месеци.

**Напомена: Пријавите за покажување на интерес за склучување на РД со непотполна документација нема да се сметаат за важечки се додека не се комплетираат. Доставените прилози не се враќаат.**

## 6. Оценување и склучување на РД

Целта на оценувањето е да се провери дали Понудувачот може да земе учество во процесот на набавката на електрична енергија, како и да ги оцени техничките и финансиските можности на секој Понудувач.

Оценката ќе биде заснована врз документите поднесени од страна на секој Понудувач кои се наведени во Точка 5. Секој Понудувач кој ги доставил сите потребни документи ќе се смета за квалификуван.

РС ќе ги информира во писмена форма преку e-mail и факс, сите Понудувачи за тоа дали одлучила да склучи РД.

## 7. Начин на покажувањето на интерес за склучување на РД

Сите заинтересирани Понудувачи кои сакаат да покажат интерес за склучување на РД со РС за набавка на електрична енергија на отворен пазар за покривање на потребите на регулираните потрошувачи треба да ги достават сите пропратни документи согласно со овој Јавен повик наведени во точка 5.

Покажувањето на интерес за склучување на РД за набавка на електрична енергија на отворен пазар за покривање на потребите на регулираните потрошувачи, треба да биде со доставување на документите на адреса: **ЕВН Македонија АД, Скопје, ул. 11 Октомври бр. 9, 1000 Скопје**, во архивата на ЕВН Македонија во затворен плик со назнака – Пријава за склучување на Рамковен договор за набавка на електрична енергија за покривање на потребите на регулираните потрошувачи – НЕ ОТВАРАЈ.

## 8. Останати одредби

Сите трошоци настанати за Понудувачот во подготвувањето и испраќањето на документите во врска со овој отворен Јавен повик паѓаат на товар на Понудувачот.

РС ќе ги земе предвид само комплетните документи согласно Точка 5 од овој Јавен повик.

Сите прашања во врска со овој отворен Јавен повик треба да бидат проследени во писмена форма до до Г-ѓа Благица Поповска на e-mail: Blagica.Popovska@evn.mk или до Г-дин Љубен Илиоски на e-mail: ljuben.ilioski@evn.mk  или или на факс: +389 2 3216 471.

## 9. Завршни одредби

РД склучени со квалификуваните понудувачи по основ на претходно објавени Јавни повици ќе продолжат да важат и понатаму се додека квалификуваните понудувачи и РС не ги откажат или доколку не ги прекршат обврските согласно член 13 од  Правилата за набавка на електрична енергија .